Центар за
Управување со
Промени

За потребите на проектот „Следење на принципите на јавната администрација во зачувување на вредности на добро управување“, Центарот за управување со промени - ЦУП испраќа:

**ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 0804-04/2017**
**за набавка на услуги за хотелско сместување и одржување на семинари**

1. Центарот за управување со промени - ЦУП во рамките на проектот „Следење на принципите на јавната администрација во зачувување на вредности на добро управување“, има потреба од набавка на услуги за хотелско сместување и одржување на семинари.

Предвидено е одржување на по 1 дводневен настан во 3 региони (Штип, Куманово и Тетово), односно по 1 дводневна обука за максимум 24 лица во рамки на секој регион. Понудувачи од секој од овие региони може да достават понуда за одржувањето на една дводневна обука за 24 лица.

За настаните потребно да се понуди:

- сместување на база на полн пансион во еднокреветни соби (вкупно 48 полни пансиони)
- еден безалкохолен пијалак за време на оброците (вкупно 144 единици)
- обезбедување на сала за одржување на обуката за максимум 24 лица (2 дена)
- проектор и простор за проектирање (2 дена)
- флип чарт табла
- простор во салата за 2 кабини за преведувачи доколку е потребен превод (кабините ќе ги обезбеди проектот)
- 2 кафе паузи на ден (филтер кафе, макијато, чај) (вкупно 96 единици)
- 2 негазирани води од 0,5л на ден по лице (вкупно 96 единици)

2. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
Настаните ќе се реализираат во периодот јуни – октомври 2017 година, но точното време ќе биде договорено дополнително во заедничка комуникација со хотелот, согласно слободните термини на хотелот и динамиката на реализација на проектните активности.

3. Ве охрабруваме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да ги содржи следните елементи:

- Финансиска понуда
- ДРД образец
- Опис на капацитети на хотелот за сместување, обука и други услуги.

Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:

| Ставка | Опис на производ/услуга | Единечна цена без ДДВ (по лице) | Количина | Вкупна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Полн пансион во еднокреветна соба | | 48 | |
| 2. | Еден безалкохолен пијалак за време на оброците | | 144 | |
| 3. | Сала за одржување на обуката | | 2 | |
| 4. | проектор и простор за проектирање | | 2 | |
| 5. | кафе пауза (филтер кафе, макијато, чај) | | 96 | |
| 6. | негазирана вода од 0,5л | | 96 | |

Финансиската понуда треба да биде изразена без ДДВ, бидејќи проектот е ослободен од плаќање на ДДВ.

4. Изборот на добавувачите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда.

5. Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе се реализира во рок од 8 дена по реализација на услуга (завршување на семинар), односно доставување на фактура без ДДВ.
Висината на фактурата ќе зависи од реалната испорака на услуги, пред сè од фактичкиот број на учесници на обуката, пресметувајќи ја реалната количина на услуги со понудените единечни цени без ДДВ.

6. Начин на доставување на понудите

Понудата се доставува по е-пошта на следната адреса: info@cup.org.mk, или хартиено во архивата на Центарот за управување со промени, на адреса ул. Рајко Жинзифов бр.44/1 Скопје.

Краен рок на доставување на понудите е до **19.06.2017 година до 16:00 часот**.

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

Сите дополнителни појаснувања може да се добијат преку адресата на е-пошта на ЦУП, info@cup.org.mk, најдоцна до 16.06.2017 година.

Рок на важност на понудата: најмалку 30 дена.